Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за поштенските услуги

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 21 август 2015 година.

Бр. 08-3666/1
21 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПОШТЕНСКИТЕ УСЛУГИ**

Член 1

Во Законот за поштенските услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 27/14, 42/14 и 187/14) во членот 80 став 1 во воведната реченица зборовите: „3.500 до" се бришат.

Ставот (2) се менува и гласи:

„Глоба во висина од 30% од одмерената глоба за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице."

Во ставот (3) зборовите: „од шест месеци до три години" се заменуваат со зборовите: „до една година".

Во ставот (4) зборовите: „од една до три години" се заменуваат со зборовите: „до една година".

Член 2

Во членот 81 став 1 во воведната реченица зборовите: „1.500 до" се бришат.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Глоба во висина од 30% од одмерената глоба за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице."

Член 3

Во членот 82 став 1 во воведната реченица зборовите: „1.000 до" се бришат.

Ставот 2 се менува и гласи:

„Глоба во висина од 30% од одмерената глоба за правното лице, ќе му се изрече за прекршокот од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице."

Член 4

Членот 83 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 500 до 750 евра во денарска противредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице – давател на поштенски услуги, ако:

- обезбедува поштенски услуги без општо овластување спротивно на членот 38 став (2) од овој закон,
- обезбедува поштенски услуги кои не се наведени во општото овластување (член 41 став (2)),
- обезбедува пратки за кореспонденција и услуги на директна пошта по цени пониски од пропишаното ограничување (член 41 ставови (3), (4) и (5)),
- пренесува права и обврски на друго правно лице (член 43),
- обезбедува поштенски услуги и по престанок на важноста на индивидуалната дозвола и општото овластување (член 46 став (5)),
- обезбедува поштенски услуги и по укинување на индивидуалната дозвола или општото овластување (член 45 став (7)),
- не води посебно сметководство согласно со членот 51 ставови (1) и (2) од овој закон,
- достави поштенска пратка спротивно на членот 54 став (1) од овој закон,
- не ја штити тајноста на поштенските пратки при обезбедувањето на поштенските услуги од членот 58 на овој закон,
- обезбедува поштенски пратки со забранета содржина (член 60),
- не овозможи влегување на овластеното лице согласно со членот 77 ставови (3) алинеја 1 и (4) алинеја 1 од овој закон,
- не стави на увид и на барање на овластеното лице да не ги даде сите потребни информации, податоци и документација согласно со членот 77 ставови (3) алинеја 2 и (4) алинеја 2 од овој закон и
- не постапи по решение и не ги отстрани утврдените неправилности во утврдениот рок (член 78 став (3)).

(2) Глоба во износ од 250 до 375 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице лице – давател на поштенски услуги, ако:

- не дава на располагање информации и финансиски податоци на Агенцијата заради извршување на нејзините надлежности (член 25 став (1)),
- не доставува податоци за вкупниот приход (член 35 став (1)),
- не предвиди цени и општи услови од членот 48 став (2) на овој закон,
- го попречува вршењето на надзорот на овластеното лице (член 77 став (1)).

(3) Глоба во износ од 150 до 225 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице лице – давател на поштенски услуги, ако:

- не прима или не одговори на рекламации од корисници на поштенски услуги согласно со членот 63 став (6) од овој закон.

(4) За прекршоците од ставовите (1), (2) и (3) на овој член на физичко лице, покрај глобата, може да му се изрече и забрана на вршење дејност во траење до една година."

Член 5

Членот 84 се брише.

Член 6

Членот 86 се менува и гласи:

„(1) За прекршоците утврени со овој закон пред поднесување барање за поведување на прекршочна постапка, овластеното лице е должно на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог.

(2) Кога овластеното лице ќе го констатира прекршокот од ставот (1) на овој член составува записник во кој се забележуваат битните елементи на прекршокот, времето, местото и начинот на сторување на прекршокот, описот на дејствието на прекршокот и лицата затекнати на самото место. Записникот го потпишуваат овластеното лице и сторителот.

(3) Ако сторителот го признае делото што му се става на товар или ако овластеното лице прекршокот го утврди лично или го утврди со употреба на соодветни технички средства и направи, овластеното лице веднаш ќе издаде прекршочен платен налог.

(4) Прекршочниот платен налог содржи лично име, адреса и единствен матичен број на граѓанинот, ако се работи за странец и број на патната исправа и држава, а за правно лице, назив, седиште и даночен број, местото и времето на сторување на прекршокот, правната квалификација на прекршокот, износот на глобата, број на сметката за плаќање и правна поука, а може и други податоци во согласност со закон.

(5) По приемот и потпишувањето на прекршочниот платен налог сторителот е должен да ја плати глобата изречена согласно со ставовите (4) и (5) на овој член во рок од осум дена од приемот на прекршочниот платен налог на сметката означена во платниот налог.

(6) Сторителот кој ќе ја плати глобата во рокот од ставот (6) на овој член ќе плати половина од изречената глоба, за кое право се поучува во правната поука.

(7) Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од ставот (6) на овој член, овластеното лице поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

(8) Доколку сторителот на прекршокот одбие да се потпише на платниот налог овластеното лице евидентира дека лицето одбило да се потпише.

(9) Доколку сторителот на прекршокот не се согласи на постапка за порамнување или во утврдениот рок не ја плати глобата, овластеното лице е должно веднаш да го извести директорот на Агенцијата и да му ги достави сите списи од надзорот заради поведување прекршочна постапка.

(10) Агенцијата води евиденција за прекршочните постапки за порамнување и за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

(11) Во евиденцијата од ставот (11) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.

(12) Личните податоци од ставот (11) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

(13) Формата и содржината на прекршочниот платен налог ја пропишува министерот за транспорт и врски.“

Член 7

По членот 86 се додава нов член 86-а, кој гласи:

“Член 86-а

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно со Законот за прекршоците.“

Член 8

Подзаконскиот акт утврден во овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 9

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за поштенските услуги.

Член 10

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SHËRBIME POSTARE**

Neni 1

Në Ligjin për shërbime postare ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 158/10, 27/14, 42/14 dhe 187/14) në nenin 80 paragrafi 1 në fjalinë hyrëse fjalët: "3 500 deri më" shlyhen.

Paragrafi (2) ndryshohet si vijon:

"Gjobë në lartësi prej 30% të gjobës së matur për personin juridik, do t'i shqiptohet për kundërvajtje nga paragrafi 1 i këtij neni edhe personit përgjegjës në personin juridik."

Në paragrafin (3) fjalët: "prej gjashtë muajsh deri më tre vjet" zëvendësohen me fjalët: "deri në një vjet".

Në paragrafin (4) fjalët: "prej një deri më tre vjet" zëvendësohen me fjalët: "deri në një vjet".

Neni 2

Në nenin 81 paragrafi 1 në fjalinë hyrëse fjalët: "1 500 deri në" shlyhen.

Paragrafi 2 ndryshohet si vijon:

"Gjobë në lartësi prej 30% të gjobës së matur për personin juridik, do t'i shqiptohet për kundërvajtje nga paragrafi 1 i këtij neni edhe personit përgjegjës në personin juridik."

Neni 3

Në nenin 82 paragrafi 1 në fjalinë hyrëse fjalët: "1 000 deri në" shlyhen.

Paragrafi 2 ndryshohet si vijon:

"Gjobë në lartësi prej 30% të gjobës së matur për personin juridik, do t'i shqiptohet për kundërvajtje nga paragrafi 1 i këtij neni edhe personit përgjegjës në personin juridik."

Neni 4

Neni 83 ndryshohet si vijon:

"(1) Gjobë në shumë prej 500 deri më 750 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet për kundërvajtje personit fizik - dhënës i shërbimeve postare, nëse:

- siguron shërbime postare pa autorizim të përgjithshëm në kundërshtim të nenit 38 paragrafi (2) të këtij ligji,
- siguron shërbime postare që nuk janë theksuar në autorizimin e përgjithshëm (neni 41 paragrafi (2)),
- siguron dërgesa për korrespodencë dhe shërbimeve të ndihmës së drejtpërdrejtë me çmime më të ulëta se kufizimi i përcaktuar (neni 41 paragrafët (3), (4) dhe (5)),
- bart të drejta dhe obligime të personit tjetër juridik (neni 43),
- siguron shërbime postare dhe pas shfuqizimit të lejes individuale dhe autorizimit të përgjithshëm (neni 46 paragrafi (5));
- siguron shërbime postare dhe pas ndërprerjes së lejes individuale apo autorizimit të përgjithshëm (neni 45 paragrafi (7)),
- nuk mban kontabilitet të veçantë në pajtim me nenin 51 paragrafët (1) dhe (2) të këtij ligji,
- dorëzon dërgesë postare në kundërshtim me nenin 54 paragrafi (1) të këtij ligji,
- nuk e mbron fshehtësinë e dërgesave postare gjatë sigurimit të shërbimeve postare nga neni 58 të këtij ligji,
- siguron dërgesa postare me përmbajtje të ndaluar (neni 60),
- nuk mundëson hyrjen e personit të autorizuar në pajtim me nenin 77 paragrafët (3) alineja 1 dhe (4) alineja 1 të këtij ligji,
- nuk i vë në shikim edhe me kërkesë të personit të autorizuar të mos i japë të gjitha informatat, të dhënat dhe dokumentacionin e nevojshëm në pajtim me nenin 77 paragrafi (3) alineja 2 dhe (4) alineja 2 të këtij ligji, dhe
- nuk vepron sipas aktvendimit dhe nuk i mënjanon parregullsitë e përcaktuara në afatin e caktuar (neni 78 paragrafi (3)).

(2) Gjobë në shumë prej 250 deri më 375 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet për kundërvajtje personit fizik - dhënës i shërbimeve postare, nëse:

- nuk i jep në disponim informata dhe të dhëna financiare Agjencisë për realizimin e kompetencave të saj (neni 25 paragrafi (1)),
- nuk dorëzon të dhëna për të ardhurat e përgjithshme (neni 35 paragrafi (1)),
- nuk parasheh çmime dhe kushte të përgjithshme nga neni 48 paragrafi (2) të këtij ligji,
- e pengon kryerjen e mbikëqyrjes së personit të autorizuar (neni 77 paragrafi (1)).

(3) Gjobë në shumë prej 150 deri në 225 euro në kundërvlerë me denarë do t'i shqiptohet për kundërvajtje personit fizik - dhënës i shërbimeve postare, nëse:

- nuk pranon apo nuk përgjigjet në reklamime nga shfrytëzuesit e shërbimeve postare në pajtim me nenin 63 paragrafi (6) të këtij ligji.

(4) Për kundërvajtje nga paragrafët (1), (2) dhe (3) të këtij neni personit fizik, krahas gjobës, mund t'i shqiptohet edhe ndalim i ushtrimit të veprimtarisë në kohëzgjatje deri në një vit."

Neni 5

Neni 84 shlyhet.

Neni 6

Neni 86 ndryshohet si vijon:

"(1) Për kundërvajtjet e përcaktuara me këtë ligj para parashtrimit të kërkesës për ngritjen e procedurës së kundërvajtjes, personi i autorizuar detyrohet kryerësit të kundërvajtjes t'i propozojë procedurë për barazim me lëshimin e urdhërpagesës së kundërvajtjes.

(2) Kur personi i autorizuar e konstaton kundërvajtjen nga paragrafi (1) i këtij neni harton procesverbal në të cilën shënohen elementet esenciale të kundërvajtjes, kohën, vendin dhe mënyrën e kryerjes së kundërvajtjes, përshkrimin e veprimit të kundërvajtjes dhe personat e prekur aty për aty. Procesverbalin e nënshkruajnë personi i autorizuar dhe kryerësi.

(3) Nëse kryerësi e pranon veprën që i vihet në barrë apo nëse personi i autorizuar e përcakton personalisht apo e përcakton me përdorim të mjeteve dhe veglave teknike përkatëse, personi i autorizuar menjëherë do të lëshojë urdhërpagesë të kundërvajtjes.

(4) Urdhërpagesa e kundërvajtjes përmban emrin personal, adresën dhe numrin e vetëm amë të qytetarit, nëse bëhet fjalë për të huaj edhe numrin e dokumentit dhe shtetin, kurse për personin juridik, emrin, selinë dhe numrin tatimor, vendin dhe kohën e kryerjes së kundërvajtjes, kualifikimin juridik të kundërvajtjes, shumën e gjobës, numrin e llogarisë për pagesën dhe udhëzimin juridik, por mund edhe të dhëna tjera në pajtim me ligjin.

(5) Pas pranimit dhe nënshkrimit të urdhërpagesës së kundërvajtjes kryerësi detyrohet ta paguajë gjobën e shqiptuar në pajtim me paragrafët (4) dhe (5) të këtij neni në afat prej tetë ditësh nga pranimi i urdhërpagesës së kundërvajtjes në llogarinë e shënuar në urdhërpagesë.

(6) Kryerësi i cili do ta paguajë gjobën në afatin nga paragrafi (6) i këtij neni do të paguajë gjysmën e gjobës së shqiptuar, për të cilën të drejtë mësohet në udhëzimin juridik.

(7) Nëse kryerësi nuk e paguan gjobën në afatin nga paragrafi (6) i këtij neni, personi i autorizuar parashtron kërkesë për ngritjen e procedurës së kundërvajtjes para gjykatës kompetente.

(8) Nëse kryerësi i kundërvajtjes refuzon të nënshkruhet në urdhërpagesë personi i autorizuar evidencon se personi ka refuzuar të nënshkruhet.

(9) Nëse kryerësi i kundërvajtjes nuk pajtohet me procedurën për barazim apo në afatin e përcaktuar nuk e paguan gjobën, personi i autorizuar detyrohet menjëherë ta njoftojë drejtorin e Agjencinë dhe t'ia dorëzojë të gjitha shkresat e mbikëqyrjes për shkak të ngritjes së procedurës së kundërvajtjes.

(10) Agjencia mban evidencë për procedurat e kundërvajtjes për barazim dhe për urdhërpagesat e kundërvajtjes të lëshuara dhe për rezultatin e procedurave të ngritura.

(11) Në evidencën nga paragrafi (11) i këtij neni mblidhen, përpunohen dhe ruhen të dhënat në vijim: emri dhe mbiemri, përkatësisht emri i kryerësit të kundërvajtjes, vendbanimi, përkatësisht vendqëndrimi, selia, lloji i kundërvajtjes, numri i urdhërpagesës së kundërvajtjes që i lëshohet dhe rezultati i procedurës.

(12) Të dhënat personale nga paragrafi (11) i këtij neni ruhen pesë vjet nga dita e futjes në evidencë.

(13) Formën dhe përmbajtjen e urdhërpagesës së kundërvajtjes e përcakton ministri i Transportit dhe Lidhjeve."

Neni 7

Pas nenit 86 shtohet nen i ri 86-a, si vijon:

"Neni 86-a

Matja e lartësisë së gjobës për personin juridik bëhet në pajtim me Ligjin për kundërvajtje."

Neni 8

Akti nënligjor i përcaktuar në këtë ligj do të miratohet në afat prej 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 9

Autorizohet Komisioni Juridik Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë të përcaktojë tekst të spastruar të Ligjit për shërbime postare.

Neni 10

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**4141.**

Врз основа на член 33, став (4) од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија” бр.15/2013, 120/2013 и 41/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.8.2015 година, донесе

## О Д Л У К А ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА ДРЖАВНИОТ СТУДЕНТСКИ ДОМ „ПЕЛАГОНИЈА” - СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука на Државниот студентски дом „Пелагонија”-Скопје му се доделуваат вкупно 1.000.000,00 денари.

Член 2

Средствата од точка 1 од оваа одлука се доделуваат за подмирување на трошоци за тековно работење во однос на режим за греење, електрична енергија, потрошена вода и слично, за настанати непредвидливи ситуации кои ги зголемиле трошоците, а не можеле да се предвидат и планираат во нивниот буџет.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија “.

Бр. 42-8946/1
25 август 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**4142.**

Врз основа на член 33 став (4) од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија” бр. 15/13, 120/13 и 41/14) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.8.2015 година, донесе

## О Д Л У К А ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА ДРЖАВНИОТ СТУДЕНТСКИ ДОМ “ТОМЕ СТЕФАНОВСКИ СЕНИЌ” - СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука Државниот студентски дом “Томе Стефановски Сениќ” - Скопје му се доделуват вкупно 5.000.000,00 денари.

Член 2

Средствата од точка 1 од оваа одлука се доделуваат за подмирување на трошоци за тековно работење во однос на режии за греење, електрична енергија, потрошена вода и слично, за настанати непредвидливи ситуации кои ги зголемиле трошоците, а не можеле да се предвидат и планират во нивниот буџет.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија “.

Бр. 42-9029/1
25 август 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

---

**4143.**

Врз основа на член 33 став (4) од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија” бр. 15/13, 120/13 и 41/14) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 25.08.2015 година донесе

## О Д Л У К А ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА СРЕДСТВА НА ДРЖАВНИОТ СТУДЕНТСКИ ЦЕНТАР „СКОПЈЕ” - СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука Државниот студентски центар „Скопје”-Скопје му се доделуваат вкупно 14.000.000,00 денари.

Член 2

Средствата од точка 1 од оваа одлука се доделуваат за подмирување на трошоци за тековно работење во однос на режии за греење, електрична енергија, потрошена вода и слично, за настанати непредвидливи ситуации кои ги зголемиле трошоците, а не можеле да се предвидат и планираат во нивниот буџет.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија “.

Бр. 42-9031/1
25 август 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

**4144.**

Врз основа на член 8 од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија" бр.15/2013, 120/2013 и 41/2014) и член 41, став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2015 („Службен весник на Република Македонија" бр.155/2014), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 25.8.2015 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ВО СТУДЕНТСКИОТ СТАНДАРД ЗА 2015 ГОДИНА**

1. Во Програмата за остварување и развој на дејноста во студентскиот стандард за 2015 година („Службен весник на Република Македонија" бр. 196/14, 66/15 и 90/15) во точка 1 во ставот 10 табелата се заменува со нова табела, која гласи:

| Програма/ Потпрограма | Ставка | ОПИС | НАМЕНА | ИЗНОС |
|---|---|---|---|---|
| Програма 6 | | | ВКУПНО: | 574.653.000 |
| Потпрограма 60 | 420 | Стоки и услуги | Патни и дневни расходи | 5.996.000 |
| Потпрограма 60 | 421 | Стоки и услуги | Комунални услуги, греење, комуникации | 5.000.000 |
| Потпрограма 60 | 425 | Стоки и услуги | Договорни услуги | 1.400.000 |
| Потпрограма 60 | 426 | Стоки и услуги | Други тековни расходи | 600.000 |
| Потпрограма 60 | 464 | Разни трансфери | Стипендии за студенти, партиципација за сместување и исхрана на студенти во студентски домови | 545.511.000 |
| | 465 | Стоки и услуги | Исплата по извршни исправи | 10.970.000 |
| Потпрограма 60 | 480 | Капитални расходи | Купување на опрема и машини | 11.000 |
| Потпрограма 60 | 483 | Капитални расходи | Купување на мебел | 5.075.000 |
| Потпрограма 60 | 485 | Капитални расходи | Вложувања и нефинансиски средства-Студентски кредити | 90.000 |
| | Ставка | ОПИС | НАМЕНА | ИЗНОС |
| Потпрограма ТК | 482 | Капитални расходи | ИЗГРАДБА И РЕКОНСТРУКЦИЈА НА СТУДЕНТСКИ ДОМОВИ | 154.278.000 |
| | | | Изградба и реконструкција на студентски домови | |
| | | | ДСД "Скопје" – Скопје за Студентски дом "Гоце Делчев" | 154.278.000 |
| | | | СЕ ВКУПНО Програма 6 и Потпрограма ТК: | 728.931.000 |

2. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 42- 8945/1
25 август 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**4145.**

Врз основа на член 195 став (10) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15 и 25/15), министерот за труд и социјална политика, донесе

### П Р А В И Л Н И К
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ПЕДАГОШКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ЕВИДЕНЦИЈА ВО ДЕТСКА ГРАДИНКА И ЦЕНТАР ЗА РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ

Член 1

Во Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој („Службен весник на Република Македонија" бр. 87/13,154/13 и 127/14), во член 5 во ставот 2 по зборовите: „Дневникот за работа на воспитната група" се додаваат зборовите: „за деца од две до шест годишна возраст".

По ставот два се додава нов став 3, кој гласи:

„(3)Дневникот за работа на воспитната група за деца до две годишна возраст во детска градинка/центар за ран детски развој, на предната корица содржи грб и име на Република Македонија и податоци за името на детската градинка/центар за ран детски развој, место, општина, назив: „ДНЕВНИК ЗА РАБОТА НА ВОСПИТНАТА ГРУПА", воспитна група и воспитна година. Првата страна содржи грб и име на Република Македонија и податоци за името на детската градинка/центар за ран детски развој, место и општина, назив „ДНЕВНИК ЗА РАБОТА НА ВОСПИТНАТА ГРУПА?, воспитна група, воспитна година, воспитувач (име и презиме), негователи (име и презиме). Втората страна е празна. Третата страна содржи наслов: „ЗАДОЛЖИТЕЛНИ АСПЕКТИ НА РАЗВОЈ (ДОМЕНИ)", и податоци за: реден број, аспекти на развој (Здравје и моторен развој, Социо емоционален развој, Развој на јазикот, писменост и комуникација, Когнитивен развој и сткнување на општи знаења, Пристап кон учење), и време на реализација. Страните 4 и 5 се целина и содржат наслов: „ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВРЕМЕТО (времетраење на програми за престој)" и податоци за: реден број, активности, време и забелешка. Страните 6 и 7 се целина и содржат наслов: „ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЦАТА? и податоци за: реден број, број во Главната книга, име и презиме на детето, датум на раѓање, име и презиме на родителот/старателот, адреса, телефон, датум на упис и датум на испис, преглед на отсутни деца, месеци (најавено, ненајавено, вкупно), информирање, консултации со родителот/старателот и други забелешки. Содржината на страните 6 и 7 се повторуваат на наредните страни, до страна 13. Страната 14 содржи наслов: „ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА″ и податоци за: вид и содржина на активностите (систематски прегледи на децата, стоматолошки систематски прегледи, Здравствено воспитување на родители /старатели), име и презиме на реализаторот, време на одржување и број на присутни деца. Страните 15 и 16 се целина, и содржат наслов: „ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ/СТАРАТЕЛИ? и податоци за: форма и опис на соработката, содржина на соработката, број на родители и датум на одржување. Страната 17 содржи наслов: „ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ДНЕВНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТ" и податоци за: датум, возраст на децата, активност, опис на активноста и постигнување на децата. Страната 17 се повторува до страна 218. Страната 218 содржи наслов „ЗАБЕЛЕШКИ".

Во ставот ( 3) кој станува став (4) по зборовите: „воспитна група"се додаваат зборовите: „за деца од две до шест годишна возраст".

Во ставот (4) кој станува став (5) по зборовите: „воспитна група" се додаваат зборовите: „за деца од две до шест годишна возраст".

По ставот (5) се додаваат два нови става (6) и(7) кои гласат:

„(6) Дневникот за работа на воспитната група за деца до две годишна возраст во детската градинка/центри за ран детски развој се води по воспитни години и содржи листови кои се во корици со темно зелена боја.

7) Дневникот за работа на воспитната група за деца до две годишна возраст во детската градинка се води на Образец број 4 со димензии 34 см × 29 см кој е даден во прилог и е составен дел на овој правилник."

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 11-6603/3 | Министер |
| 12 август 2015 година | за труд и социјална политика, |
| Скопје | **Диме Спасов**, с.р. |

Образец бр. 4

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

____________________________________________

(име на детската градинка/центарот за ран детски развој)

Место ________________________ Општина ____________________

# ДНЕВНИК
# ЗА РАБОТА НА ВОСПИТНА ГРУПА

воспитна група ____________________

воспитна ______/_______ година

Корица

стр.1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

______________________________________________
(име на детската градинка/центарот за ран детски развој)

Место ____________________ Општина ________________

# ДНЕВНИК
# за работа на воспитната група

Воспитна група ________________
Воспитна _____/_______ година

Воспитувач

______________________________
______________________________
(име и презиме)

Негователи

______________________________
______________________________
______________________________
(име и презиме)

Печати:

стр.3

## ЗАДОЛЖИТЕЛНИ АСПЕКТИ НА РАЗВОЈ (ДОМЕНИ)

| Ред. број | Аспекти на развој | Време на реализација |
|---|---|---|
| 1. | Здравје и моторен развој | |
| 2. | Социо - емоционален развој | |
| 3. | Развој на јазикот, писменост и комуникација | |
| 4. | Когнитивен развој и стекнување на општи знаења | |
| 5. | Пристап кон учење | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

стр.4

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВРЕМЕТО
(времетраење на програми за престој)

----------------------------------------------

| Ред. број | Активности | Време | Забелешка |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Страните 4 и 5 се целина

Стр. 6

## ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЦАТА

| Реден број | Бр.во Главна книга | Име и презиме на детето | Датум на раѓање | Име и презиме на родителот/старателот | Адреса, телефон | Дата на упис | Дата на испис |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |

| | Преглед на отсутни деца | | | | | | | | | | | | Информирање, консултации со родителот/старателот | Други забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Месеци | | | | | | | | | | | | | |
| | IX | X | XI | XII | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | | |
| Најавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Ненајавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | | | | |
| Најавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Ненајавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | | | | |
| Најавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Ненајавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | | | | |
| Најавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Ненајавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | | | | |
| Најавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Ненајавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | | | | |
| Најавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Ненајавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | | | | |
| Најавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Ненајавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | | | | |
| Најавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Ненајавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | | | | |
| Најавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Ненајавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | | | | |
| Најавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Ненајавено | | | | | | | | | | | | | | |
| Вкупно | | | | | | | | | | | | | | |

страните 6 и 7 се целина и се повторуваат до страна 13

стр.14

## ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

| Вид и содржина на активностите | Име и презиме на реализаторот | Време на одржување | Број на присутни деца |
|---|---|---|---|
| Систематски прегледи на децата | | | |
| Стоматолошки систематски прегледи | | | |
| Здравствено воспитување на родители/старатели | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

стр.15

## ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ/СТАРАТЕЛИ

| Форма и опис на соработката | Содржина на соработката | Број на родители | Датум на одржување |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

страна 15 – 16

Стр.17

# ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ДНЕВНА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТ

**1.Датум:______________________**
**Возраст на децата:__________________**

**2.Активност:__________________________________________________**

**3.Опис на активноста:__________________________________________**

**4.Постигнување на децата:**

Страна 17 се повторува 200 пати

## ЗАБЕЛЕШКИ

# АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

**4146.**

Врз основа на член 19 став (18) од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014 и 48/2015), директорот на Агенцијата за администрација, донесе

## Д Е Л О В Н И К ЗА РАБОТА НА КОМИСИЈАТА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ЖАЛБИ И ПРИГОВОРИ НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО ВТОР СТЕПЕН

I. ОПШТА ОДРЕДБА

**Предмет на Деловникот**

Член 1

Со овој деловник се уредува работата на Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен (во натамошниот текст: Комисија), а особено: нејзиниот состав и улогата на претседателот, членот и секретарот на Комисијата; подготовката, свикувањето и одржувањето на седниците; донесување на одлуки, решенија или заклучоци; водењето и изработувањето на записници од одржаните седници и доставување на одлуките, решенијата или заклучоците.

II. ФОРМИРАЊЕ И СОСТАВ НА КОМИСИЈАТА

**Формирање на Комисијата**

Член 2

(1) Комисијата се формира со решение на директорот на Агенцијата за администрација (во натамошниот текст: Агенцијата).

(2) Комисијата е составена од претседател и четири члена и нивни заменици од редот на административните службеници во Агенцијата.

**Претседател на Комисијата**

Член 3

(1) Претседателот на Комисијата:

- распоредува предмети на членовите и замениците на членовите;
- свикува и претседава со седници на Комисијата;
- учествува во расправата по секое прашање кое е на дневен ред и предлага одлуки, решенија или заклучоци;
- потпишува одлуки, решенија и заклучоци на Комисијата, барања наподатоци и ургенции до првостепените органи и
- се грижи за законито работење на Комисијата и за спроведување на Деловникот за работа на Комисијата.

(2) Во случај на негово отсуство или спреченост, обврските ги извршува заменик претседателот на Комисијата.

**Член на Комисијата**

Член 4

(1) Членот на Комисијата:

- учествува во работата на Комисијата;
- предлага точки на дневен ред на Комисијата;
- изработува барања на податоци и ургенции, релевантни за одлучување по предметите и по потреба се консултира со Претседателот на Комисијата;
- реферира предмети, согласно предлогот за работа утврден за седницата;
- учествува во расправата по секое прашање кое е на дневен ред и предлага одлуки, решенија или заклучоци;
- изработува одлуки, решенија или заклучоци и
- се грижи за спроведување на Деловникот за работа на Комисијата.

(2) Во случај на негово отсуство или спреченост, обврските ги извршува неговиот заменик член на Комисијата.

**Секретар на Комисијата**

Член 5

(1) Секретарот на Комисијата:

- ги разгледува и комплетира добиените жалби и приговори;
- изработува предлог за работа на седница на Комисијата и им го доставува на Претседателот и членовите, најдоцна еден ден пред одржување на седницата;
- по електронски пат, го известува Претседателот и членовите за времето и местото на одржување на седницата, односно за неодржување на седницата во случај на немање на комплетирани предмети;
- изработува записник за одржана седница на Комисијата;
- изработува пропратни писма за доставување на одлуки, решенија или заклучоци на Комисијата до првостепените органи;
- на хартиената обвивка на предметот го пополнува архивскиот знак и рокот на чување на предметот;
- води евиденција на донесените одлуки, решенија и заклучоци, врз основа на која изработува извештаи за работата на Комисијата и
- се грижи за спроведување на Деловникот за работа на Комисијата.

(2) Во случај на негово отсуство или спреченост, обврските ги извршува заменик секретарот на Комисијата.

III. НАЧИН НА РАБОТА И ОДЛУЧУВАЊЕ НА КОМИСИЈАТА

**Одговор на жалба и приговор**

Член 6

(1) По разгледувањето, доколку постои потреба, секретарот ја доставува жалбата односно приговорот до првостепениот орган на одговор со барање на податоци релевантни за правилно одлучување по предметот.

(2) Првостепениот орган одговорот на жалбата, односно приговорот со дополнителните податоци релевантни за правилно одлучување по предметот ги доставува до Комисијата најдоцна до три работни дена.

**Седница**

Член 7

(1) Комисијата работи и одлучува на седница без присуство на јавноста, врз основа на расположливите писмени докази, почитувајќи ги начелата на професионална етика, непристрасност и објективност.

(2) Седницата ја свикува и со неа раководи претседателот на Комисијата, најмалку два пати во неделата, а по исклучок заради итноста за постапување по одделни предмети може да се одржи и дополнителна седница.

(3) Седницата започнува со утврдување на дневниот ред.

(4) За секоја точка од дневиот ред се води расправа.

(5) Комисијата работи во полн состав и одлучува со мнозинство гласови.

(6) Секретарот и заменикот на секретарот на Комисијата немаат право на глас при одлучување.

(7) Членот на Комисијата кој има издвоено мислење во писмена форма го доставува до секретарот на Комисијата, со образложение за издвојувањето на своето мислење и своерачно го потпишува. Доставеното писмено образложение е составен дел на записникот за одржана седница на Комисијата.

(8) Комисијата го испитува првостепеното решение во оној дел и од оние причини кои во жалбата, односно приговорот се изјавени. Комисијата по службена должност внимава на суштествени повреди на одредбите на постапката и правилна примена на материјалното право.

**Записник**

Член 8

(1) За одржаната седницата на Комисијата, секретарот изработува записник.

(2) Записникот од ставот (1) на овој член содржи: архивски број и датум на одржување на седницата, реден број на седницата, време и место на одржување на седницата, име и презиме на присутните членови на Комисијата, дневен ред, усвоениот дневен ред од претходната седница, број и датум на предметот, име и презиме на подносителот на жалбата, односно приговорот, назив на оспорениот акт, назив на првостепениот орган кој го донел оспореното решение, одлука, односно заклучок за секоја точка од дневниот ред, име и презиме на службеникот кај кој е распореден предметот, факти релевантни за одлучување на комисијата, одлука на комисијата, писмено образложение за издвоено мислење, доколку го има и време на завршување на седницата.

(3) Записникот го потпишуваат присутните на седницата.

**Одлучување на Комисијата**

Член 9

Комисијата донесува одлуки, решенија и заклучоци.

Член 10

Комисијата донесува одлука:

- за одбивање на жалбата, односно приговорот како неосновани и потврдување на решението на првостепениот орган;

- за уважување на жалбата, односно приговорот и поништување на решението на првостепниот орган и враќање на решението на првостепениот орган на повторно разгледување и одлучување или

- самата, во случаи кога постапува по изјавена жалба против акт кој еднаш бил поништен и вратен на повторно решавање.

Член 11

Комисијата донесува решение:

- за отфрлање на жалбата како ненавремена, нецелосна или недозволена;

- за отстапување на жалбата на друг надлежен орган и

- во други случаи кога не се одлучува за суштината на работата.

Член 12

(1) Комисијата донесува заклучок за запирање на постапката во случај на повлекување на жалбата, односно приговорот од подносителот.

(2) Комисијата донесува заклучок и за дејствија што се превземаат во текот на постапката, а за кои не се донесува одлука, односно решение.

**Доставување на одлуките, решенијата односно заклучоците**

Член 13

Комисијата за донесената одлука, решение, односно заклучокот по изјавената жалба го известува првостепениот орган во рок од три дена од донесувањето на истите.

IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 14

Со влегување во сила на овој деловник, престанува да важи Деловникот за работа на Комисијата на Агенцијата за администрација за решавање во втор степен по жалби и приговори на државните службеници и Комисијата на Агенцијата за администрација за решавање во втор степен по жалби и приговори на јавните службеници бр. 01-1961/1 од 30 јуни 2011 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/2011) и Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за начинот на работа на Комисијата на Агенцијата за администрација, за решавање во втор степен по жалби и приговори на државните службеници и Комисијата на Агенцијата за администрација, за решавање во втор степен по жалби и приговори на јавните службеници бр. 01-38/1 од 4 јануари 2012 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 4/2012).

Член 15

Овој деловник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01 – 2102/1
25 август 2015 година
Скопје

Директор,
**Жаклина Николовска**, с.р.

---

# ЈП МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА

**4147.**

Врз основа на член 124 став 1, алинеја 6 и член 114 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр. 184/2013, 13/2014, 44/2014, 101/2014 и 132/2014), Програмскиот Совет на МРТ на 12-та седница одржана на 11.8.2015 година, ја донесе следната

**С Т А Т У Т А Р Н А О Д Л У К А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈАВНОТО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА БР.01-765/1 ОД 30.1.2015 ГОДИНА**

Во Статутот на ЈРП Македонска Радио-телевизија број 01-765/1 од 30.1.2015 година се вршат следниве измени и дополнувања:

Член 1

Во членот 54 зборовите “третина од” се бришат, а зборот “просечната” се заменува со зборот “просечна”.

Во членот 54 се додава нов став 2, кој гласи:

„Месечниот надоместок за работа на седниците на Надзорниот одбор се намалува за 30%, за секое отсуство од седница на член на Надзорниот Одбор во тековниот месец за кој се врши исплата.”

Член 2

Во членот 57 по алинеа 3 се додаваат 3 (три) нови алинеи 4, 5 и 6 кои гласат:

„ ја усвојува консолидираната годишна сметка,”

„ги разгледува годишниот и кварталните финансиски извештаи за работата на ЈРП МРТ и изразува свое мислење”,

„ги разгледува и изразува свое мислење на општите акти кои имплицираат финансиски или финансиско материјални аспекти, а кои ги донесува Советот или Директорот на ЈРП МРТ“,

Алинеите 4 и 5 стануваат алинеи 7 и 8.

Член 3

Во членот 57 по алинеата 5 се додаваат 2 (две ) нови алинеи кои гласат:

„дава согласност на Планот за јавни набавки, врз основа на Финансискиот план“

„се информира за спроведените набавки на аудио и адуиовизуелни дела односно на програмски содржини од независни продуценти, во износ над 50.000 (педесетилјади) евра, на редовно квартално и годишно ниво;

„се информира за спроведените јавни набавки на редовно квартално и годишно ниво“;

Алинеите 6, 7 и 8 стануваат алинеи 12,13 и 14.

Член 4

Со оваа одлука се изменува и дополнува текстот на Статутот на ЈРП МРТ донесен од Програмскиот совет на МРТ на 3-тата седница одржана на 26.1.2015 година.

Оваа Статутарна Одлука станува составен дел на Статутот на ЈРП МРТ донесен од Програмскиот совет на МРТ на 3-тата седница одржана на 26.1.2015 година, заведен под број 01-765/1 од 30.1.2015 година.

Член 5

Оваа Статутарна одлука стапува во сила со денот на нејзино донесување од Програмскиот Совет на ЈРП МРТ, а ќе се објави во „Службен весник на РМ“.

| | |
|---|---|
| Бр. 01-765/2 | Програмски Совет на МРТ |
| 18 август 2015 година | Претседател, |
| Скопје | **Снежана Клинчарова**, с.р. |

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.– Скопје**
**бул. „Партизански одреди“ бр. 29. Поштенски фах 51.**
**в. д. директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов**
**телефон: +389-2-55 12 400.**
**телефакс: +389-2-55 12 401.**

**Претплатата за 2015 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.**

ISSN 0354-1622
2015146